СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 26 април 2001 Скопје Број 31 Год. LVII

Аконтацијата за 2001 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 320 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

716.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2001 година.

Бр. 07-1517/1
24 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
Томислав Стојановски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" број 21/98, 26/98, 63/98, 86/99, 25/2000 и 109/2000), во членот 176 ставови 1 и 2 зборовите: "персоналниот данок на доход" се заменуваат со зборовите: "утврдување и наплата на јавните приходи".

Член 2

Во членот 183 став 1 алинеја 11 по зборот "донатори" се додаваат зборовите: "како и увезените стоки купени со паричните средства добиени како подарок".

Член 3

Во член 187 став 1 по бројот 9 се става запирка, а зборот "и 10" се заменува со зборовите: " 10, 11 и член 184".

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

717.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Се прогласува Законот за регистрирање на готовински плаќања,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2001 година.

Бр. 07-1518/1
24 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
Томислав Стојановски, с.р.

З А К О Н
ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Член 1

Со овој закон се уредува воведување и користење на фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања.

Член 2

Даночните обврзници кои вршат промет на добра и промет на услуги за кој плаќањето не се извршува по банкарски пат (во натамошниот текст: готовински плаќања), должни се да воведат и користат одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања и задолжително да издаваат сметка за извршениот промет, односно услугата (во натамошниот текст: фискална сметка).

Член 3

Фискалниот систем на опрема се состои од: фискална апаратура и од интегриран автоматски систем за управување.

Фискалната апаратура се состои од:

- електронски каси со фискална меморија;
- фискални принтери;
- електронски системи со фискална меморија за регистрирање на прометот на нафтени деривати на мало преку сметачки средства за количината и потрошокот на течни горива (бензински пумпи, плински пумпи и сл.) и
- читач на платежни картички.

Интегрираниот автоматски систем за управување е систем за постојана електронска комуникација на даночниот обврзник со Управата за јавни приходи за секојдневно автоматско пренесување на податоци во вид на дневен финансиски извештај.

Член 4

Фискална сметка, во смисла на овој закон, е документ со кој се потврдува плаќањето на цената на доброто, односно услугата издадена од фискална апаратура.

Фискална сметка се издава на купувачот на доброто, односно на корисникот на услугата во моментот на плаќање на доброто, односно на услугата.

По исклучок од став 2 на овој член, при дилерска трговија, даночниот обврзник фискалната сметка ја издава на дистрибутерот, кој е должен да ја врачи на купувачот при плаќањето на цената на доброто.

Член 5

Фискалната сметка, даночниот обврзник е должен да ја издаде во форма и содржина пропишана од министерот за финансии.

Сметката која не ги содржи задолжително пропишаните елементи не се смета за фискална сметка.

Член 6

Купувачот на доброто, односно корисникот на услугата е должен да побара фискална сметка и истата да ја чува до 15 метри од напуштањето на местото на прометот на доброто, односно на услугата, заради контрола.

Кога местото на прометот на добро, односно услуга се наоѓа во заеднички простории со други објекти, на пазар или во состав на трговски комплекс, како место на напуштање се смета напуштањето на објектот од заедничките простории, пазарот, односно трговскиот комплекс.

Член 7

Даночниот обврзник е должен, на видно место, да постави соопштение со кое го информира купувачот на добро, односно корисникот на услуга за неговата обврска да бара фискална сметка.

Член 8

Фискална сметка се состои од бонов и контролен траг кои се идентични и се печатат истовремено. Исечок од боновиот траг се дава на купувачот на добро, односно на корисникот на услуга, а контролниот траг го задржува даночниот обврзник.

Даночниот обврзник е должен контролниот траг од фискалната сметка да ја чува во објектот пет години од датумот на последната операција.

Член 9

Обврската за издавање на фискална сметка не се однесува на:

- даночни обврзници кои данокот од доход за приходите од вршење на дејност го плаќаат според паушално утврден нето приход, освен таксистите;
- прометот на непреработено и сопствено земјоделско производство од лица кои не се трговци, а прометот го вршат на тезги на пазари, како и надвор од пазарите;
- физички лица кои издаваат под закуп станбен или деловен простор и
- дејности во објекти што се наоѓаат во населени места со број на жители под 300 луѓе и кои се сместени во високопланински и тешко достапни места, со исклучок на туристички места.

Член 10

Во случај на враќање на добро, при рекламација или при грешно преклопување (сторна трансакција) се издава документ касова сметка за сторна трансакција.

Документот од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот за финансии.

Член 11

Даночниот обврзник е должен да монтира, воведе во користење и да ја користи фискалната апаратура или интегрираниот автоматски систем за управување од самото пуштање на објектот во употреба.

Даночниот обврзник е должен да воведе и да користи фискална апаратура за секое работно место од каде што се извршува прометот на добра или услуги кои готовински се наплатуваат.

Во објекти, во кои се вклучени за користење повеќе од една фискална апаратура, податоците од вклучувањето на секоја апаратура се регистрираат на книгата за дневни финансиски извештаи.

Член 12

Забранет е прометот на добро или услуга кој не се врши преку монтиран и воведен во користење систем на фискална опрема, освен во случаите кога е потребен ремонт или поправка на фискалната апаратура, а обврзникот не е должен да поседува резервна фискална апаратура.

Во случаите од ставот 1 на овој член, даночниот обврзник е должен за извршениот промет на добра или услуги да издава парагон блок и да води итна сметководствена книга заверена од Управата за јавни приходи.

Член 13

Даночниот обврзник чиј просечен промет надминува 10.000 ДЕМ во денарска противвредност во рамките на тримесечниот период, со исклучок на даночните обврзници кои вршат промет на нафтени деривати на мало (бензински пумпи, плински пумпи и слично), е должен да закупи и регистрира резервна фискална апаратура, која се користи во случај на оштетување и ремонт на главната фискална апаратура. Пресметувањето преку резервна фискална апаратура се извршува секојдневно.

Член 14

Заради правилно евидентирање на прометот даночниот обврзник е должен фискалните апарати да ги чува и одржува во исправна состојба.

Член 15

За соодветен модел на фискална апаратура, односно за интегриран автоматски систем на управување се издава дозвола за негово одобрување, на начин и постапка пропишана од министерот за финансии.

За дозволата од ставот 1 на овој член се плаќа надоместок.

Висината на надоместокот од ставот 2 на овој член ја пропишува Владата на Република Македонија.

Член 16

Производителот на соодветен модел на фискална апаратура, односно на интегриран автоматски систем на управување должен е да обезбеди:

- банкарска гаранција во висина од 500.000 американски долари;
- редовно резервни делови, техничка помош и сервисирање;
- три сервисни центри во Република Македонија;
- најмалку едно одржување во годината како превентивно одржување;
- поправка или замена на фискалната апаратура во текот на 36 часа од барањето за интервенција од корисникот на апаратурата и
- еден техничар на не повеќе од 300 фискални апарати во сервисната област.

Член 17

Доколку производителот на одобрениот модел на фискална апаратура не се придржува кон условите од членот 16 на овој закон, издадената дозвола за одобрување на соодветниот модел на фискална апаратура ќе му се одземе со отказен рок од пет месеци, на начин и постапка што ќе ги пропише министерот за финансии.

Член 18

Министерот за финансии издава дозвола за право на користење на интегриран автоматски систем за управување.

Член 19

Министерот за финансии ги пропишува функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, постапката и документацијата за нивно одобрување, елементите на фискалната сметка, начинот на проверка и контрола на фискалните апарати и правилата за техничко одржување и сервисирање на истите.

Член 20

Управата за јавни приходи воспоставува регистар на одобрен фискален систем на опрема.

Член 21

Со парична казна од 250.000,00 до 300.000,00 денари ќе се казни за прекршок даночниот обврзник-правно лице, ако:

1) не воведе и користи одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања (член 2);

2) не издава фискална сметка за извршениот промет на добра, односно на услуги (член 2);

3) издаде сметка која не ги содржи пропишаните елементи (член 5 став 1);

4) не постави на видно место соопштение за обврската на купувачот на добра, односно на корисникот на услуга да бара фискална сметка (член 7);

5) не го чува контролниот траг од фискалната сметка во објектот (член 8 став 2);

6) не издава парагон блок за извршениот промет на добра, односно на услуги (член 12 став 2);

7) не води итна сметководствена книга за извршениот промет на добра, односно на услуги (член 12 став 2);

8) не закупи и не регистрира резервна фискална апаратура (член 13) и

9) не ги чува и одржува во исправна состојба фискалните апарати (член 14).

За прекршок од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице кај правното лице со казна затвор од 30 до 90 дена и со парична казна од 45.000,00 до 50.000,00 денари.

За прекршок од ставот 1 на овој член ќе се казни даночен обврзник - физичко лице со казна затвор од 30 до 90 дена и со парична казна од 45.000,00 до 50.000,00 денари.

Член 22

За прекршоците од членот 21 став 1 на овој закон за правното лице може да се изрече мерка на безбедност - забрана на вршење на дејност.

За прекршоците од членот 21 став 1 на овој закон за одговорното лице кај правното лице и за даночниот обврзник - физичко лице може да се изрече мерка на безбедност - забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 23

Со парична казна од 3.000,00 до 10.000,00 денари, од страна на инспекторот, ќе се казни за прекршок на лице место купувач, односно корисник на услуга доколку набави добра или користи услуга, а не земал фискална сметка (член 6 став 1).

Член 24

Примена на фискална апаратура според овој закон ќе започне од:

- 01. август 2001 до 30 ноември 2001 година - за даночни обврзници чиј промет е над 20.000.000,00 денари во 2000 година, како и за даночни обврзници кои вршат угостителска дејност и трговија на мало - маркети и на промет на нафтени деривати на мало (бензински пумпи, плински пумпи и слично);

- 01. август 2001 до 28 февруари 2002 година - за даночни обврзници чиј промет е над 10.000.000,00 денари во 2000 година;

- 01. август 2001 до 31 мај 2002 година - за останати даночни обврзници и обврзници чиј што начин на продажба бара мобилен фискален апарат.

Член 25

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од:

- членот 54 и членот 59 став 1 точка 6 од Законот за данокот на додадена вредност;

- членот 14 став 1 точка 3 и членот 49 став 1 точка 12 од Законот за трговија;

- членот 31 став 1 точка 3 и членот 46 став 1 точка 10 од Законот за вршење на туристичка и угостителска дејност и

- членот 60 и членот 144 став 1 точка 4 од Законот за персонален данок од доход.

Член 26

Министерот за финансии во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон го донесува актот од членот 19 на овој закон.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

718.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2001 година.

Бр. 07-1519/1
24 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
Томислав Стојановски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99 и 37/2000), во членот 224 став 3, на двете места, зборовите: "десет ДЕМ" се заменуваат со зборовите: "1 евро".

Член 2

Во членот 225 ставот 2 се менува и гласи:

"(2) Акциите се издаваат, пренесуваат и се водат како електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност."

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"(3) Правата и обврските од акциите настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност."

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

719.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за ревизијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2001 година.

Бр. 07-1520/1
24 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Потпретседател
на Собранието на Република
Македонија,
Томислав Стојановски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈАТА

Член 1

Во Законот за ревизијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 65/97 и 27/2000), во член 38 став 4 зборовите: "30 ноември 2000 година" се заменуваат со зборовите: "30 септември 2001 година".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

720.

Врз основа на член 35 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000) и согласно Рамковната спогодба меѓу Европската комисија и Владата на Република Македонија за учество на Република Македонија во програмите на Европската заедница за помош, потпишана на 26 јули 1996 година, Анекс А-Општи услови што се однесуваат на финансискиот Меморандум, Дел трети - Обезбедување на определени олеснувања и член 13 - даноци и царини, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 03.04.2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА И ДРУГИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ НА ОПРЕМА И ДРУГИ СТОКИ ШТО СЕ НАБАВУВААТ ПРЕКУ ПРОГРАМИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

1. Увозот на опрема и други стоки чија набавка се финансира од страна на Европската комисија, што се реализира преку Програмата ФАРЕ и Програмата Обнова за циклусот 1996-2000 година, а заради реализација на Националните програми за прекугранична соработка се ослободува од плаќање царински и други увозни давачки.

2. Спецификација на опремата и други стоки, од точка 1 на оваа одлука, се изготвува од страна на крајниот корисник, по претходно усогласување со овластените експерти на програмите од Европската унија и се доставува на Министерството за финансии.

3. Министерството за финансии издава писмена согласност за ослободување од плаќање на царина и други увозни давачки на опремата и другите стоки што се набавуваат преку програмите на Европската унија, а по извршената проверка на усогласената спецификација.

4. Со влегувањето во сила на Одлуката за ослободување од плаќање царина и други увозни давачки на опрема и други стоки што се набавуваат преку програмите на Европската унија престанува да важи Одлуката под број 23-2439/1 од 20 октомври 1997 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" број 55/97 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2150/1
3 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

721.

Врз основа на член 22 став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10/97, 54/97 и 13/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.04.2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА

Член 1

За лиценца со која на трговско друштво се одобрува постојано приредување игри на среќа се утврдуваат следните цени:

1. За игри на среќа што се приредуваат во играчница со рок на траење од 6(шест) години 520.000 евра.

2. За игри на среќа што се приредуваат на автомати во автомат клуб со рок на траење од 6(шест) години 52.000 евра.

3. За интерактивни игри на среќа што се приредуваат во играчница со рок на траење од 6(шест) години 630.000 евра.

4. За игра на среќа "Томбола" со рок на траење од 3(три) години 100.000 евра.

5. За игра на среќа "Обложување на спортски натпревари" со рок на траење од 3(три) години 100.000 евра.

Член 2

Износот на цената од претходниот член на оваа одлука, трговското друштво на кого му е издадена лиценца за постојано приредување на игри на среќа е должно да го уплати во еднократен износ и тоа:

- 50% на денот на издавањето на лиценцата;
- остатокот од 50% во еднакви годишни рати најдоцна до 31 јануари во тековната година за секоја година додека трае лиценцата, во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Член 3

Средствата се уплатуваат на жиро-сметка број 40100-840-033-62207 надоместок од лиценци од игри на среќа.

Член 4

Доколку имателот на лиценцата не го уплати определениот износ на лиценцата во утврдениот рок, лиценцата за постојано приредување на игри на среќа се одзема, а претходно уплатените износи не се враќаат.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2471/1
18 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

722.

Врз основа на член 18 од Законот за државната статистика, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.04.2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НОМЕНКЛАТУРА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИ ЕДИНИЦИ ЗА СТАТИСТИКА-НУТС

1. Со оваа одлука се утврдува Номенклатурата на територијални единици за статистика - НУТС, како статистички стандард, а во функција на групирање на постојните територијални единици на Република Македонија и формирање на регионални нивоа за статистички цели.

Номенклатурата на територијални единици за статистика - НУТС е составен дел на оваа одлука.

2. Измени и дополнувања на Номенклатурата на територијални единици за статистика - НУТС ќе се вршат во случај на потреба од усогласување со можни промени на правилата, принципите и критериумите во рамките на европскиот статистички систем или заради усогласување со правниот систем во Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2541/1
24 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

	НУТС1	НУТС2	НУТС3	НУТС4	НУТС5
MK00402				*Кичево*	
MK00402001					Вранештица
MK00402002					Другово
MK00402003					Зајас
MK00402004					Кичево
MK00402005					Осломеј
MK00403				*Македонски Брод*	
MK00403001					Македонски Брод
MK00403002					Пласница
MK00403003					Самоков
MK00404				*Охрид*	
MK00404001					Белчишта
MK00404002					Косел
MK00404003					Мешеишта
MK00404004					Охрид
MK00405				*Струга*	
MK00405001					Вевчани
MK00405002					Велешта
MK00405003					Делогожди
MK00405004					Лабуништа
MK00405005					Луково
MK00405006					Струга
MK005			**Скопски**		
MK00501				*Гази Баба*	
MK00501001					Арачиново
MK00501002					Гази Баба
MK00501003					Илинден
MK00501004					Петровец
MK00502				*Карпош*	
MK00502001					Ѓорче Петров
MK00502002					Карпош
MK00502003					Кондово
MK00502004					Сарај
MK00503				*Кисела Вода*	
MK00503001					Зелениково
MK00503002					Кисела Вода
MK00503003					Сопиште
MK00503004					Студеничани
MK00504				*Центар*	
MK00504001					Центар
MK00505				*Чаир*	
MK00505001					Чаир
MK00505002					Чучер - Сандево
MK00505003					Шуто Оризари
MK006			**Југоисточен**		
MK00601				*Валандово*	
MK00601001					Валандово
MK00602				*Гевгелија*	
MK00602001					Богданци
MK00602002					Гевгелија
MK00602003					Миравци
MK00602004					Стар Дојран
MK00603				*Радовиш*	
MK00603001					Конче
MK00603002					Подареш
MK00603003					Радовиш
MK00604				*Струмица*	
MK00604001					Босилово
MK00604002					Василево
MK00604003					Куклиш
MK00604004					Муртино
MK00604005					Ново Село
MK00604006					

	НУТС 1	НУТС 2	НУТС 3	НУТС 4	НУТС 5
MK00402				*Кичево*	
MK00402001					Вранештица
MK00402002					Другово
MK00402003					Зајас
MK00402004					Кичево
MK00402005					Осломеј
MK00403				*Македонски Брод*	
MK00403001					Македонски Брод
MK00403002					Пласница
MK00403003					Самоков
MK00404				*Охрид*	
MK00404001					Белчишта
MK00404002					Косел
MK00404003					Мешеишта
MK00404004					Охрид
MK00405				*Струга*	
MK00405001					Вевчани
MK00405002					Велешта
MK00405003					Делогожди
MK00405004					Лабуништа
MK00405005					Луково
MK00405006					Струга
MK005			**Скопски**		
MK00501				*Гази Баба*	
MK00501001					Арачиново
MK00501002					Гази Баба
MK00501003					Илинден
MK00501004					Петровец
MK00502				*Карпош*	
MK00502001					Ѓорче Петров
MK00502002					Карпош
MK00502003					Кондово
MK00502004					Сарај
MK00503				*Кисела Вода*	
MK00503001					Зелениково
MK00503002					Кисела Вода
MK00503003					Сопиште
MK00503004					Студеничани
MK00504				*Центар*	
MK00504001					Центар
MK00505				*Чаир*	
MK00505001					Чаир
MK00505002					Чучер - Сандево
MK00505003					Шуто Оризари
MK006			**Југоисточен**		
MK00601				*Валандово*	
MK00601001					Валандово
MK00602				*Гевгелија*	
MK00602001					Богданци
MK00602002					Гевгелија
MK00602003					Миравци
MK00602004					Стар Дојран
MK00603				*Радовиш*	
MK00603001					Конче
MK00603002					Подареш
MK00603003					Радовиш
MK00604				*Струмица*	
MK00604001					Босилово
MK00604002					Василево
MK00604003					Куклиш
MK00604004					Муртино
MK00604005					Ново Село
MK00604006					

	НУТС 1	НУТС 2	НУТС 3	НУТС 4	НУТС 5
MK007			Полошки		
MK00701				*Гостивар*	
MK00701001					Врапчиште
MK00701002					Вруток
MK00701003					Гостивар
MK00701004					Долна Бањица
MK00701005					Маврови Анови
MK00701006					Неготино - Полошко
MK00701007					Ростуша
MK00701008					Србиново
MK00701009					Чегране
MK00702				*Тетово*	
MK00702001					Боговиње
MK00702002					Брвеница
MK00702003					Вратница
MK00702004					Желино
MK00702005					Јегуновце
MK00702006					Камењане
MK00702007					Теарце
MK00702008					Тетово
MK00702009					Џепчиште
MK00702010					Шипковица
MK008			Источен		
MK00801				*Берово*	
MK00801001					Берово
MK00801002					Пехчево
MK00802				*Виница*	
MK00802001					Блатец
MK00802002					Виница
MK00803				*Делчево*	
MK00803001					Делчево
MK00803002					Македонска Каменица
MK00804				*Кочани*	
MK00804001					Зрновци
MK00804002					Кочани
MK00804003					Облешево
MK00804004					Оризари
MK00804005					Чешиново
MK00805				*Пробиштип*	
MK00805001					Злетово
MK00805002					Пробиштип
MK00806				*Свети Николе*	
MK00806001					Лозово
MK00806002					Свети Николе
MK00807				*Штип*	
MK00807001					Карбинци
MK00807002					Штип

723.

Врз основа на член 5 од Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање за јавните потреби за 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.04.2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НАД ДОЗВОЛЕНОТО НИВО НА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 2000 ГОДИНА

1. Дел од остварените вишоци на приходите над дозволеното ниво на потрошувачка во 2000 година во износ од 174.000.000 денари се распределуваат на следните Единици на локалната самоуправа:

1.	Берово	300.000 денари
2.	Пехчево	1.000.000 денари
3.	Битола	1.500.000 денари
4.	Бистрица	1.300.000 денари
5.	Новаци	1.300.000 денари
6.	Бач	1.300.000 денари
7.	Старавина	1.300.000 денари
8.	Могила	1.300.000 денари
9.	Кукуречани	500.000 денари
10.	Цапари	500.000 денари
11.	Добрушево	1.300.000 денари
12.	Македонски Брод	500.000 денари
13.	Самоков	1.000.000 денари
14.	Пласница	800.000 денари
15.	Валандово	2.000.000 денари
16.	Виница	3.000.000 денари
17.	Блатец	1.000.000 денари
18.	Гевгелија	1.200.000 денари
19.	Миравци	800.000 денари
20.	Богданци	700.000 денари
21.	Стар Дојран	700.000 денари
22.	Гостивар	3.500.000 денари
23.	Неготино-Полошко	1.500.000 денари
24.	Врапчиште	1.000.000 денари
25.	Ростуше	1.000.000 денари
26.	Маврови Анови	2.000.000 денари
27.	Чегране	1.500.000 денари
28.	Долна Бањица	800.000 денари
29.	Србиново	1.000.000 денари
30.	Вруток	1.450.000 денари
31.	Дебар	1.500.000 денари
32.	Центар Жупа	800.000 денари
33.	Делчево	2.000.000 денари
34.	Македонска Каменица	1.500.000 денари
35.	Демир Хисар	1.000.000 денари
36.	Сопотница	1.000.000 денари
37.	Кавадарци	2.200.000 денари
38.	Конопиште	1.000.000 денари
39.	Росоман	1.000.000 денари
40.	Кичево	2.500.000 денари
41.	Другово	1.000.000 денари
42.	Осломеј	1.000.000 денари
43.	Вранештица	1.000.000 денари
44.	Зајас	1.000.000 денари
45.	Кочани	800.000 денари
46.	Чешиново	1.000.000 денари
47.	Облешево	1.000.000 денари
48.	Зрновци	1.000.000 денари
49.	Оризари	1.300.000 денари
50.	Кратово	1.000.000 денари
51.	Крива Паланка	1.000.000 денари
52.	Ранковце	800.000 денари
53.	Куманово	1.500.000 денари
54.	Липково	2.000.000 денари
55.	Орашец	1.200.000 денари
56.	Клечовце	500.000 денари
57.	Старо Нагоричане	500.000 денари
58.	Крушево	2.500.000 денари
59.	Житоше	600.000 денари
60.	Неготино	1.000.000 денари
61.	Демир Капија	1.200.000 денари
62.	Охрид	6.000.000 денари
63.	Белчишта	2.000.000 денари
64.	Косел	500.000 денари
65.	Мешеишта	1.500.000 денари
66.	Прилеп	1.500.000 денари
67.	Долнени	1.300.000 денари
68.	Тополчани	1.300.000 денари
69.	Кривогаштани	1.300.000 денари
70.	Витолиште	1.500.000 денари
71.	Пробиштип	2.500.000 денари
72.	Злетово	1.500.000 денари
73.	Радовиш	2.000.000 денари
74.	Конче	1.500.000 денари
75.	Подареш	1.500.000 денари
76.	Ресен	1.000.000 денари
77.	Свети Николе	1.000.000 денари
78.	Лозово	800.000 денари
79.	Струмица	4.000.000 денари
80.	Ново Село	1.000.000 денари
81.	Василево	1.000.000 денари
82.	Босилово	1.000.000 денари
83.	Куклиш	1.000.000 денари
84.	Муртино	2.000.000 денари
85.	Струга	3.000.000 денари
86.	Луково	1.200.000 денари
87.	Делогожда	1.200.000 денари
88.	Лабуништа	1.200.000 денари
89.	Велешта	1.500.000 денари
90.	Вевчани	1.300.000 денари
91.	Тетово	4.500.000 денари
92.	Џепчиште	1.200.000 денари
93.	Теарце	1.200.000 денари
94.	Брвеница	1.200.000 денари
95.	Камењане	1.200.000 денари
96.	Боговиње	1.500.000 денари
97.	Шипковица	1.200.000 денари
98.	Желино	1.200.000 денари
99.	Јегуновце	1.200.000 денари
100.	Вратница	1.200.000 денари
101.	Велес	2.500.000 денари
102.	Богомила	1.200.000 денари
103.	Градско	1.200.000 денари
104.	Чашка	1.200.000 денари
105.	Извор	1.000.000 денари
106.	Штип	2.000.000 денари
107.	Карбинци	500.000 денари
108.	Гази Баба	2.500.000 денари
109.	Арачиново	1.200.000 денари
110.	Петровец	1.200.000 денари
111.	Илинден	2.000.000 денари
112.	Кисела Вода	1.500.000 денари
113.	Студеничани	1.500.000 денари
114.	Зелениково	1.200.000 денари
115.	Сопиште	1.000.000 денари
116.	Карпош	1.250.000 денари
117.	Сарај	1.000.000 денари
118.	Кондово	400.000 денари
119.	Ѓорче Петров	1.200.000 денари
120.	Чаир	3.000.000 денари
121.	Чучер Сандево	300.000 денари
122.	Шуто Оризари	1.000.000 денари
123.	Центар	1.000.000 денари
124.	Скопје-град	5.000.000 денари
	ВКУПНО:	174.000.000 денари

2. Единиците на локалната самоуправа се должни средствата од точка 1 на оваа одлука да ги користат наменски за остварување на редовните функции на општината и подмирување на неизмирените обврски кон општинските изборни комисии за локалните избори 2000 година.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2532/1
18 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

724.

Врз основа на член 17, став 2, од Законот за ветеринарното здравство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.04.2001 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2001 ГОДИНА

I

Средствата за здравствена заштита на животните од заразни болести во 2001 година се утврдуваат во износ од 187.000.000 и тоа од следните извори:

	во денари
1. Средства од Буџетот на РМ	187.000.000
2. Други сопствени приходи	60.000.000

II

Средствата утврдени во дел I на оваа програма се користат за:

	во денари
1. Систематска и превентивна заштита-вакцинација од определени заразни болести на животните, согласно Наредбата за преземање мерки за заштита на животните од заразни болести во 2000 година	37.000.000
2. Земање, пакување и испраќање на материјал (крв и др.) за лабораториско испитување и лабораториско испитување на заразни болести	60.000.000
3. Надомест за заклани или еутаназирани заболени животни, за нивниот транспорт до објектот за колење или местото за нештетно отстранување, трошоци за колење, трошоци за производство и надокнадување на репродуктивни грла.	41.500.000
4. Трошоци за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при искоренување на заразните и други болести кај животните	55.500.000
5. Стручно усовршување на ветеринарните инспектори	7.000.000
6. Опремување на ветеринарната инспекција за теренска работа и заштита при работа	9.000.000
7. Поправки, одржување и потрошен материјал (гориво, моторно масло, итн.) за возилата за ветеринарните инспектори	3.500.000
8. Изготвување на законски и подзаконски акти	5.000.000
9. Организирано ветеринарно-медицинско просветување на сопствениците на животни и издавање на брошури	2.000.000
10. Подготовка на епизоотиолошки студии за ризик од внесување на заразни болести од други држави и студија за економско оптимални мерки за сузбивање на заразните болести кај животните (епизоотиолошки испитувања, изработка на епизоотиолошки карти и ГИС - систем)	5.000.000
11. Непредвидени мерки	17.000.000
12. Материјални трошоци за спроведување на програмата	4.500.000
	247.000.000

III

Средствата од дел II точка 1 на оваа програма во износ од 37.000.000 денари, ќе се користат за:

- вакцинација и сузбивање на антраксот кај коњите, говедата, овците и шушкавецот кај говедата	3.500.000
- вакцинација и сузбивање на класичната чума кај свињите, вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појава на заразата	17.500.000
- вакцинација и сузбивање на беснилото кај кучињата и мачките скитници	9.000.000
- вакцинација на овците и јагнињата против ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата	7.000.000

IV

Средствата од дел II точка 2 од оваа програма во износ од 60.000.000 денари, ќе се користат за:

- земање, пакување и испраќање на материјал (крв и др.) за лабораториско испитување	32.000.000
- лабораториско испитување и дијагностика на заразни болести кај животните	18.000.000
- туберкулинизација и ретуберкулинизација кај говедата	10.000.000

V

Средствата од дел II точка 3 на оваа програма во износ од 41.500.000 денари, ќе се користат за:

- надомест за заклани или убиени за сузбивање на бруцелозата и туберкулозата кај животните	20.000.000
- надомест за заклани или убиени животни заболени од други заразни болести, чие убивање е наредено од страна на Управата за ветеринарство	1.000.000
- трошоци за транспорт до објектот за колење или местото на нештетно отстранување	1.500.000
- изградба на сточни јами	5.000.000
- трошоци за производство на репродуктивни грла за надоместок за заклани или убиени животни	4.000.000
- обележување на животните	10.000.000

VI

Средствата од дел II точка 4 на оваа програма во износ од 55.500.000 денари, ќе се користат за:

- дезинфекција, дезинсекција и дератизација при сузбивањето на заразните болести од член 82 точка 9 од Законот за ветеринарно здравство и тоа: на објектите за одгледување на животните (штали, трла и др.), просториите за колење на животни, на местото на убивање и нештетно отстранување на животните	10.500.000
- трошоци на граничните дезбариери	45.000.000

VII

Средствата од дел II точка 5 од оваа програма во износ од 7.000.000 денари, ќе се користат за:

- запознавање и едукација на ветеринарните инспектори со нови подзаконски акти и одлуки на ЕУ	1.500.000
- семинари за новите методи на контрола на прехранбените производи од животинско потекло	1.000.000
- стручно усовршување во земјата и странство	3.000.000
- набавка на стручна литература, цертификати и други формулари	1.500.000

VIII

Средствата од дел II точка 6 од оваа програма во износ од 9.000.000 денари ќе се користат за:

- опремување на гранична ветеринарна инспекција	2.500.000
- опремување на ветеринарните инспектори за работа на терен и вршење на надзор	6.500.000

IX

Средствата од дел II точка 7 од оваа програма во износ од 3.500.000 денари, ќе се користат за:

- одржување на возниот парк и други трошоци	500.000
- гориво за возилата на ветеринарните инспектори	3.000.000

X

Средствата од дел II точка 8 од оваа програма во износ од 5.000.000 денари, ќе се користат за:

- изготвување на законски и подзаконски акти	4.000.000
- усовршување во странство во областа на ветеринарната легислатива	1.000.000

XI

Средствата од дел II точка 9 од оваа програма во износ од 2.000.000 денари, ќе се користат за:

- одржување на курсеви на сточари и сточарски здруженија	1.000.000
- печатење на стручни списанија	1.000.000

XII

Средствата од дел II точка 10 од оваа програма во износ од 5.000.000 денари, ќе се користат за:

- изготвување на елаборат за улогата и организационата поставеност на ветеринарно-здравствената дејност на Република Македонија	1.000.000
- изработка на дигитални епизоотиолошки карти	1.000.000
- извршување на оперативниот план за формирање банка на серуми	2.000.000
- средства за членство во меѓународни организации	1.000.000

XIII

Средствата од дел III алинеја 1, 2, 3 и 4, дел IV алинеја 1 и 3 и дел VI алинеја 1 и 2 на оваа програма ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и ветеринарните друштва во епизоотиолошките подрачја.

Средствата од дел V алинеја 4, 5 и 6 на оваа програма ќе се исплатуваат на правно лице кое ги исполнува условите пропишани од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата од дел IV алинеја 2 и дел XII алинеја 4 ќе се исплатуваат по склучен договор меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ветеринарниот институт - Скопје.

XIV

Приоритет во спроведување на мерките на оваа програма ќе имаат епизоотиолошките подрачја доколку се појават заразни болести во поголем обем.

XV

За спроведување на оваа програма се грижи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку некоја мерка не биде извршена, а друга е извршена во поголем обем, пренамена на средствата може да врши министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно предвидените средства по оваа програма.

XVI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2291/1
10 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

725.

Врз основа на член 7, став 1 од Законот за поттикнување и помагање на техничката култура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2000), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ЗА РАБОТА, ОДНОСНО ПРОЕКТИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за доделување средства за остварување на програмите за работа, односно проектите на носителите на техничката култура во Република Македонија.

Член 2

Доделувањето финансиски средства за остварувањето на програмите за работа односно проектите на носителите на техничката култура се врши врз основа на следните критериуми:

- содржина на програмата за работа односно проектот (едукација, иноваторство, пронаоѓаштво и рационализаторство, стекнување технички вештини и други активности од значење за техничката култура);
- број на лица реализатори и учесници на програмата односно проектот;
- организирање манифестации (натпревари, изложби, работилници, презентации, популаризација на активности и слично) од општински, регионален, државен и меѓународен карактер;
- учество на општински, регионални, државни и меѓународни манифестации од областа на техничката култура;
- издавачка дејност (списанија, билтени, монографии, прирачници и друго);
- членување во меѓународни асоцијации од областа на техничката култура;
- развивање на техничката инфраструктура (објекти за техничка култура, лаборатории, работилници, кабинети, опитни станици, полигони и друго) и
- други активности непосредно поврзани со техничката култура.

Член 3

Носителите на техничката култура, исполнувањето на критериумите од член 2 од овој правилник го докажуваат со приложена соодветна документација кон барањето за доделување финансиски средства за остварување на програмите за работа односно проектите.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-618/4 Министер,
18 април 2001 година проф. д-р **Ненад Новковски,** с.р.
Скопје

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Програмата за продажба на деловен простор во сопственост на Република Македонија за 2001 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2001, направена е грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2001 ГОДИНА

Составен дел на Програмата за продажба на деловен простор во сопственост на Република Македонија за 2001 година, се и прилозите - табелите по подрачните единици:

- продолжение на IV Подрачна единица Куманово (од реден број 7 до 14);
- V Подрачна единица Струга;
- XIII Подрачна единица Велес.

Бр. 23-1921/2 Од Владата
24 април 2001 година на Република Македонија
Скопје

7	К. Паланка	Моша Пијаде 217 гаража	19,80	300	5.940,00	со корисник
8	К. Паланка	Моша Пијаде 217 гаража	19,20	300	5.760,00	со корисник
9	К. Паланка	Маршал Тито 152 гаража	19,30	300	5.790,00	со корисник
10	К. Паланка	Маршал Тито 152 гаража	19,30	300	5.790,00	со корисник
11	К. Паланка	Маршал Тито 152 гаража	19,30	300	5.790,00	со корисник
12	К. Паланка	Маршал Тито 152 гаража	16,70	300	5.010,00	со корисник
13	К. Паланка	Маршал Тито 152 гаража	16,70	300	5.010,00	со корисник
14	К. Паланка	Маршал Тито 152 гаража	17,00	300	5.100,00	со корисник
	ВКУПНО:		416,88		279.526,00	

V. ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА СТРУГА

Р.б.	Град	Улица и број на деловниот простор	Површина во $м^2$	Почетна цена по $м^2$ во ДЕМ	Вкупна почетна вредност во ДЕМ	Со корисник и без корисник
1	2	3	4	5	6	7
1	Дебар	Ристо Крле 47/3	91,46	1.896	173.408,0	без корисник
2	Дебар	нас. Венец II. К-14/1	67,85	1.258	85.355,0	без корисник
3	Дебар	нас. Венец II. К-16/1	104,68	1.389	145.400,0	без корисник
	ВКУПНО:		263,99		404.163,0	

XIII. ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА ВЕЛЕС

Р.б.	Град	Улица и број на деловниот простор	Површина во $м^2$	Почетна цена по $м^2$ во ДЕМ	Вкупна почетна вредност во ДЕМ	Со корисник и без корисник
1	2	3	4	5	6	7
1	Велес	с. Ореше	30,00	279,50	8.385,00	без корисник
2	Велес	с. Ореше	62,00	280,00	17.360,00	со корисник
3	Велес	с. Оморани	30,00	271,00	8.124,00	со корисник
4	Велес	Т. Кореница 19	20,08	2.079,00	41.746,00	со корисник
5	Велес	Т. Кореница 18	31,60	1.938,00	61.246,00	со корисник
6	Велес	Т. Кореница 17	20,00	2.094,00	41.880,00	со корисник
7	Велес	ул. "М. Тито" 40-Градско	37,20	1.065,00	39.616,00	со корисник
8	Велес	ул. "М. Тито" 40-Градско	37,20	1.053,00	39.187,00	со корисник
9	Велес	с. Бистрица	41,93	273,00	11.448,00	со корисник
10	Велес	г. Оризари	43,27	315,00	13.632,00	со корисник
11	Велес	г. Оризари	43,27	314,00	13.595,00	со корисник
12	Велес	с. Еловен	20,00	276,00	5.518,00	со корисник
13	Велес	с. Лисиче	16,90	264,00	4.469,00	со корисник
14	Велес	с. Лисиче	30,87	264,00	8.164,00	без корисник
15	Велес	с. Еловен	25,00	276,00	6.898,00	без корисник
16	Велес	М. Тито 52 Градско	44,20	315,00	13.925,00	со корисник
	ВКУПНО:		533,52		335.193,00	

АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

7.

Врз основа на член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Сл. весник на РМ" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00 и 5/01) и член 35 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ("Сл. весник на Р. Македонија" бр. 50/94 и 34/95), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 23 април 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - СКОПЈЕ

Член 1

Во Јавното претпријатие "Водовод и канализација" од Скопје, како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во смисла на член 125 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се утврдуваат следните:

СЕКТОР "ВОДОВОД" - ВОДОМЕРНА РАБОТИЛНИЦА

1) п.к. работник	12/14 месеци

СЕКТОР "ЕОК"

1) одржувач на хлоринаторски станици и боци (финомеханичар)	12/14 месеци
2) водинсталатер за хлорирање, мрежи, резервоари и транспорт на хлор (водоинсталатер)	12/14 месеци
3) оператор на хлоринаторски станици (оператор на питки води)	12/14 месеци

СЕКТОР "МЕХАНИЗАЦИЈА"

1) возач на специјални возила за фекалии	12/14 месеци
2) возач на специјални возила за хлор	12/14 месеци

Член 2

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, а најрано од денот од кога се распоредени на тие работни места, под услов за тој период да се плати додатниот придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење.

Член 3

Врз основа на документацијата со која располага претпријатието, ќе се утврди дека осигуреникот врши работи и задачи од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Фактичката состојба за работниците што се распоредени на работните места од член 1 на оваа одлука ја утврдува Комисијата, составена од по еден претставник на Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на работодавецот и на органот на управата надлежен за работите на инспекцијата на трудот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ".

Бр. 02-2132/1
23 април 2001 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
д-р **Марика Јорданова**, с.р.

8.

Врз основа на член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00 и 5/01) и член 35 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 50/94 и 34/95), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 23 април 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ВО ИГМ "ВРАТНИЦА" - ВРАТНИЦА

Член 1

Во ИГМ " Вратница" како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, во смисла на член 125 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се утврдуваат следните:

ПРОИЗВОДСТВО НА БЕТОНСКИ ЕЛЕМЕНТИ

1) сменоводител	12/13 месеци
2) ракувач со машини во производство	12/14 месеци
3) помошник машинист	12/14 месеци
4) ракувач со утоварна лопата	12/14 месеци
5) ракувач со виљушкар	12/14 месеци
6) послужител и манипулант во производство	12/14 месеци

РУДНИК И СЕПАРАЦИЈА

1) сменоводител	12/13 месеци
2) управувач со градежна машина-булдожер	12/14 месеци
3) управувач со утоварна лопата-камион	12/14 месеци
4) управувач во регулација и дробилка	12/14 месеци
5) послужител и манипулант во производство	12/14 месеци

ЕЛЕКТРО ОДРЖУВАЊЕ

1) работоводител на електро одржување	12/13 месеци
2) универзален оператор - електричар	12/13 месеци
3) оператор - електро одржувач	12/13 месеци
4) електро одржувач	12/13 месеци

МАШИНСКО БРАВАРСКО ОДРЖУВАЊЕ

1) работоводител на браварско одржување	12/14 месеци
2) универзален оператор -бравар	12/14 месеци
3) оператор за машинско одржување	12/14 месеци
4) машинбравар-одржувач	12/14 месеци

МЕХАНИЧАРСКО ОДРЖУВАЊЕ

1) работоводител на автомеханичарско одржување	12/14 месеци
2) универзален оператор - автомеханичар	12/14 месеци
3) оператор за автомеханичарско одржување	12/14 месеци
